Врз основа на член 7 од Законот за високообразовните установи на верските заедници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/08), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 април 2020 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ЗА 2020 ГОДИНА НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - СКОПЈЕ ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА НА УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на Православниот Богословски факултет "Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје му се доделуваат вкупно 4.500.000 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, раздел 16001, Програма 4, Потпрограма 47, ставка 464.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за реализирање на студиските програми за 2020 година кои не можат да се обезбедат во буџетот на Православниот Богословски факултет "Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 44-2920/1**
**8 април 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**